**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ“ ОД АВТОРОТ Д-Р ЈОВАН АНАНИЕВ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-43/23 од 112. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 5.2.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- редовен професор д-р Славејко Сасајковски, Институт за социолошки и политичко-правни истражувањ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје;
- вонреден професор д-р Војо Беловски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ“** од **вонреден професор д-р Јован Ананиев**, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Општи податоци за ракописот***

Учебникот со наслов „Политички систем“ е наменет по предметот Политички систем што се изучува на прв циклус студии на студиската програма Правни студии и студиската програма Применета политика и дипломатија, задолжителен предмет во прва година во вториот семестар со шест ЕКТС, со фонд на часови 2+2+1. Учебникот е во согласност со предметната програма на предметот, содржана како дел од студиските програми.

***Податоци за обемот ракописот***

Ракописот има 225 страници во А4 формат и по обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

На македонски јазик до сега се објавени неколку учебници по предметот Политички ссител, наменети за студентите на студиските програми за правни студии, политички науки, новинарство, јавна администрација, социологија, социјална работа и политика и безбедносните студии. Истите се објавени за да ги задоволат потребите за наставата на останатите државни или приватни универзитети. Бидејќи е релативно постара дисциплина во Република Македонија, насловот на учебниците е Политички систем или Уставен и политички систем. Но, досега на Универзитетот „Гоце Делчев“ не е издадено учебно помагало, скрипта или учебник по предметот Политички систем. Постојните учебници, издадени во Република Македонија, кои се од македонски автори или, пак, се преводи од странски автори, опфаќаат само еден дел од темите кои се содржани во учебникот и материјата е прилично застарена и несоодветствува со предметната програма по предметот Политички систем на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип.

***Краток опис на содржината***

Во темата *Политика и политички систем* се дава објаснување на поимот политика и приказ на развојот на политиката од антиката до денес. Се разграничуваат поимите јавна политика и политика и се дава објаснување на главните актери кои кои се вклучени во политичката сфера. Потоа се дефинира поимот систем и истиот авторот го аплицира во

политички контекст, објаснувајќи го концептот на меѓусебната зависност на политичките актери, сфатено од организациска и процедурална смисла.

Во темата *Интереси, моќ и власт* се дефинира најпрвин поимот интерес и се анализира од аспект на индивидуални, групни и општи интереси и како тие се артикулираат во политичката сфера - кои се нивните репрезенти и кои се навистина засегнатите субјекти. Во продолжение се прави спој меѓу политичките интереси и политичката моќ, односно како моќта ги генерира интересите и претставува можност да се наметнат интересите на еден политички субјект во однос на друг политички субјект. Во продолжение се дава приказ на различните начини на влијание, односно користење на политичката моќ и кога може да се модифицира. Моќта потоа се институционализира и се создава политичката власт која е можност преку легитимација и легализација на моќта да се владее во одредена политичка заедница и да се наметна политичката моќ од една група во однос на останатите.

Во темата *Политички партии и партиски системи* се прави врска меѓу политичките интереси и нивните најважни претставувачи - политичките партии. Притоа се дава објаснување на поимот на политичката партија и генезата на овој облик на политичко организирање. Се објаснуваат различните поделби за видовите на политичките партии, начинот на нивното внатрешно организирање, начинот на нивно дејствување и сл. Во продолжение се дефинираат моделите на внатрепартиска организација, постоењето на внатрепартиска демократија, моделот на лидерство и водство и односот меѓу членството и политичката партија. Се анализираат видовите на политички партии и нивната меѓусебна интеракција во партискиот систем како потсистем на политичкиот систем.

Во темата *Идеологија* се прави анализа на детерминантите на овој политички феномен и се објаснува како политичка реалност која е базирана на одредени политички интереси чиишто носители се одредени политички актери, како што се политичките партии или, пак, формални или неформални политички движења и се објаснува дека тие се разликуваат не само според интересите туку и според начинот како да се остварат. Се објаснуваат различните видови на идеологии и како идеологијата се врзува со изборните програми на одредени политички партии. Се прави анализа на т.н. идеолошка нивелација која означува дека политичките партии, сакајќи да добијат што поголем број на гласови за време на изборите, тие се обраќаат кон поширок слој на граѓани коишто се претежно средниот или нискиот среден слој и затоа доаѓа до воедначување меѓу политичките партии од аспект на идеологијата и меѓу себе се разликуваат само во врска со неколку теми.

Темата *Избори, изборни системи и изборна кампања* се однесува на можеби најклучниот сегмент во политичкиот систем а тоа се изборите. Се дава дефиниција на поимот избори, какви видови на избори постојат, која е нивната функција од аспект на политичка легитимација и како се развиваат тие низ историјата. Изборните системи се однесуваат на начинот на распределба на мандатите и овде авторот ги објаснува и ги разграничува мнозинскиот, плуралниот, пропорционалниот и мешовитиот модел. Изборната кампања е најинтензивниот сегмент на изборите, кога политичките партии се во директна врска со избирачите и овде се објаснети суштината и видовите на изборни кампањи.

Во темата *Политика и етика* се анализира врската меѓу етиката и политиката и кога политичките актери најчесто ја преминуваат етичката сфера за да прејдат во сферата на говорот на омраза и меѓусебно непочитување. Се дава дефиниција на етиката и се изложени неколку илустрации за неетичноста во политиката.

Во темата *Демократија и дигитална демократија* се објаснува накратко терминот демократија и се изложуваат клучните поделби на демократијата. Се става посебен акцент на партиципативната демократија, се изложуваат формите на непосредна и посредна демократија и се повикува на македонското законодавство кое се однесува на граѓанската иницијатива, референдумот и собирот на граѓани. Се објаснува дигиталната демократија, како посебна современа форма на граѓанска партиципација и се објаснува можноста граѓаните да учествуваат во процесот на одлучување користејќи ги сите можности што ги нуди интернетот.

Во темата *Човекови права* се дава историски приказ на развојот на човековите права, нивната поделба на основни, граѓански, политички, економски, социјални и културни права и како државата и меѓународната заедница станува почувствителна во текот на историјата.

Се објаснува апсолутноста, универзалноста, неделивоста и неотуѓивоста на човековите права и како тие се заштитуваат на национално и меѓународно ниво. Во продолжение се објаснуваат можностите цивилното општество да се јави како промотер и заштитувач на истите.

Во темата *Јавна администрација и јавна (применета) политика* се дефинира концептот на јавната администрација, нејзината врска со извршната власт и нејзината функција во политичкиот систем. Се анализира врската меѓу јавната администрација и креирањето на јавната политика, како процедурален аспект на политиката. Се дава приказ на различните форми на организација на јавната администрација и фазите во процесот на креирање на јавните политики од формулирањето на проблемот, изнаоѓањето на начини за негово решавање, изборот на решение, спроведувањето на политиката, нејзиното набљудување и вреднување.

Во темата *Локална самоуправа* се објаснува историскиот развој на локалната самоуправа, нејзината структура, функцијата, врската со државната власт, надлежностите и начинот на финансирање. Се објаснува нејзиното значење за локалната заедница и како граѓаните можат директно и индиректно да се вклучат во процесот на носење на одлуки. Во продолжение се образложува македонскиот комунален систем, со осврт на надлежностите на советот и градоначалникот, изворните и споделените надлежности и начинот на финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Во темата *Организација на власта во Република Македонија* се објаснуваат надлежностите на носителите на законодавната, извршната и судската власт и како тие меѓусебно се контролираат и ја балансираат моќта. Се анализира надлежноста и работењето на Собранието и кои се реалните слабости во неговото функционирање и неговата врска со Претседателот на Републиката и Владата. Се анализира извршната власт како бицефална власт, која реално е главниот носител на одлуките во државата и се дава посебен акцент на преклопувањето на надлежностите меѓу Претседателот и Владата.

Во темата *Политичкиот систем на Европската унија* се прави ретроспектива на развојот на Европската унија и се нагласува нејзината специфика како меѓународен ентитет. Но, овде авторот повеќе ја анализира од аспект на политички систем, односно како се балансира моќта меѓу одделните институции и кои се нивните надлежности и како меѓусебно комуницираат. Посебно значење во анализата се дава на артикулацијата на интересите на европските граѓани и интересите на европските држави.

Во темата *Организација на власта во Обединетото Кралство* се дава приказ за еден специфичен парламентарен политички систем, којшто е карактеристичен за оваа држава со јасна поделеност и меѓусебна контрола на законодавната и извршната власт. Овде се анализира историскиот развој на политичкиот систем на оваа земја и структурата и меѓусебните релации на Домот на комуните, Домот на лордовите, шефот на државата и Владата, односно Кабинетот.

Во темата *Организација на власта на Соединетите Американски Држави* се објаснува американскиот политички систем како типичен претседателски систем. Се анализира местото на Претседателот на САД, како клучна политичка власт кој директно е избран од граѓаните и неговите врски со Конгресот и Врховниот суд. Се дава приказ и историски развој на одделните власти, нивната структура и специфики од аспект на надлежности но и од аспект на постоење на законодавен дом кој со својот бикамеризам се труди да ги балансира интересите меѓу федералните единки, федерацијата и граѓаните.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот ги опфаќа сите релевантни теми за предметот Политички систем и содржи актуелни информации и на разбирлив начин е презентирана потребната материја. Со определување на секој важен поим кој се однесува на одредена политичка појава, негово класифицирање и интерпретирање, поврзување со останатите политички појави и објаснување на развојот на појавата, овозможува на студентот од прва година на студии да ги научи основите на политичкиот систем. Во секоја тема се отвора дебата за одредени прашања и се анализираат причините од различен аспект, со што му се овозможува на студентот да ги развие аналитичките вештини и критичкото размислување околу темите кои се предмет на интерес.

Ракописот со својот обем, опфатот на темите, начинот на обработка на темите и поврзаноста со предметната програма се оценува како учебник по предметот Политички систем на прв циклус студии и му предлага на Наставно- научниот совет да ја прифати оваа рецензија.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Славејко Сасајковски, с.р.**
**Проф. д-р Војо Беловски, с.р.**